Врз основа на член 21 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12 и 171/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# за просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат посебно уредените простории за приредување на игри на среќа и забавни игри

Службен весник на РМ бр. 32/2013 година

Важи од 02.03.2013 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат посебно уредените простории за приредување на игрите на среќа и забавните игри.

## II. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПОСЕБНО УРЕДЕНИТЕ ПРОСТОРИИ ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ЛОТАРИСКИТЕ И ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ИГРИ НА СРЕЌА

### Член 2

Просторијата во која се врши уплата на влоговите за лотариските и електронските игри на среќа треба да има најмалку четири метри квадратни.

### Член 3

Во просторијата  во која се приредуваат лотариските и електронските игри на среќа, а во која се даваат и друг вид на услуги (се послужуваат храна и пијалоци), треба да постои посебен дел од просторијата во кој е сместена опремата за приредување на игрите на среќа.

## III. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПОСЕБНО УРЕДЕНИТЕ ПРОСТОРИИ ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ТОМБОЛА ОД ЗАТВОРЕН ТИП

### Член 4

Посебно уредената просторија во која се приредува томбола од затворен тип треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда, со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

### Член 5

Површината на просторијата во која се приредува томбола од затворен тип треба да изнесува најмалку 90 метри квадратни.

Висината на просторијата од ставот 1 на овој член треба да изнесува најмалку 2.8 метри.

### Член 6

На влезот на просторијата во која се приредува томбола од затворен тип во горниот лев агол на проѕирна самолеплива хартија треба да биде истакнат називот на приредувачот на играта на среќа, ознака „Томбола од затворен тип“ и адресата каде се наоѓа објектот.

Ознаките од ставот 1 на овој член ноќе треба да бидат осветлени.

### Член 7

Просторијата во која се приредува томбола од затворен тип треба да има обезбедено уред за загревање на просторијата до најмалку 18,5 целзиусови степени, уред за разладување на просторијата и уред за вентилација.

### Член 8

Во просторијата во која се приредува томбола од затворен тип треба да има обезбедено:

- метална каса за чување на томболските картички и парите;
- апарат за механичко мешање и извлекување на броевите;
- микрофон;
- најмалку еден монитор;
- маси и седишта за учесниците во играта на среќа;
- простор за гардероба и
- санитарни простории.

Доколку масите од ставот 1 алинеја 5 на овој член се поставени во редови треба да се обезбеди простор помеѓу редовите во должина од најмалку еден метар, а доколку се поставени на друг начин треба да се обезбеди простор од најмалку 4,8 метри квадратни за една маса со четири столици.

Во однос на санитарните простории од ставот 1 алинеја 7 на овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

### Член 9

Опремата во просторијата во која се приредува томбола од затворен тип треба да биде поставена на начин што овозможува непречено движење на вработените и непречено учество и следење на играта на среќа од страна на учесниците во играта на среќа.

## IV. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАЗИНОТО

### Член 10

Игри на среќа во казино можат да се приредуваат во посебно уредена деловна просторија во посебно изграден објект или во посебно уредена деловна просторија во состав на хотел со најмалку четири ѕвездички според прописите со кои се пропишани условите за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност.

Посебно уредената деловна просторија во посебно изградениот објект треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда која е со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

### Член 11

Површината на посебно уредената деловна просторија во посебно изграден објект, во која се приредуваат игри на среќа во казино треба да изнесува најмалку 500 метри квадратни.

Површината на посебно уредената деловна просторија во состав на хотел треба да изнесува најмалку 400 метри квадратни.

Висината на просторијата од ставот 1 на овој член во која е сместена опремата за приредување на играта на среќа треба да изнесува најмалку 2,8 метри квадратни, а висината на останатите простории во казиното треба да изнесува најмалку 2,4 метри.

### Член 12

На влезот на просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино во горниот лев агол на проѕирна самолеплива хартија треба да биде истакнат називот на приредувачот на играта на среќа, ознака „Казино“ и адресата каде се наоѓа објектот.

Доколку просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино се наоѓа во состав на хотел, ознаките за називот на приредувачот на играта на среќа и ознаките „Казино“ покрај на влезот на просторијата, треба да бидат поставени и на влезот на хотелот.

Ознаките од ставовите 1 и 2 на овој член ноќе треба да бидат осветлени.

### Член 13

Во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино треба да има обезбедено:

- простор за рецепција;
- просторија за приредување на игри на среќа;
- просторија за аудио и видео надзор;
- благајна,
- простор за гардероба и
- просторија наменета за одмор на вработените лица ангажирани во приредувањето на игрите на среќа.

Просторот за рецепција од ставот 1 алинеја 1 на овој член треба да изнесува најмалку 16 метри квадратни.

### Член 14

Просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино треба да има обезбедено уред за загревање на просторијата до најмалку 18,5 целзиусови степени, уред за разладување на просторијата и уред за вентилација.

### Член 15

Делот од просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино во кој се даваат угостителски услуги во кој се послужуваат храна и пијалоци треба да претставува посебен простор од просторот во кој е сместена опремата за приредување на игрите на среќа.

Во однос на делот од просторијата од ставот 1 на овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

### Член 16

Во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино треба да има обезбедено санитарни простории.

Во однос на санитарните простории од ставот 1 овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

### Член 17

Опремата во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во казино треба да биде поставена на начин што овозможува непречено движење на вработените и непречено учество и следење на играта на среќа од страна на учесниците во играта на среќа.

Просторот околу масите наменет за учесниците во игрите на среќа и за вработените во казиното и просторот помеѓу масите не треба да биде помал од 1,5 метри.

Просторот пред автоматите за игрите на среќа наменет за учесникот во игрите на среќа не треба да биде помал од 1,5 метри, а просторот помеѓу два реда на автомати за игри на среќа не треба да биде помал од еден метар.

## V. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ УПЛАТНО-ИСПЛАТНИТЕ МЕСТА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО ОБЛОЖУВАЛНИЦА

### Член 18

Посебно уредената просторија, односно уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда, со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

### Член 19

Површината на уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница треба да изнесува најмалку четири метри квадратни.

Висината на уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница треба да изнесува најмалку 2,8 метри, а за монтажен киоск најмалку 2,4 метри.

### Член 20

На влезот на уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница во горниот лев агол на проѕирна самолеплива хартија треба да има истакнат називот на приредувачот на играта на среќа, ознака „Обложувалница“ и адресата каде се наоѓа објектот.

Уплатно-исплатните места на приредувачот на игри на среќа треба да имаат единствен назив.

Ознаките од ставот 1 на овој член ноќе треба да бидат осветлени.

### Член 21

Уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница треба да има уред за загревање на просторијата до најмалку 18,5 целзиусови степени и уред за разладување.

Доколку уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница е поголемо од 50 метри квадратни, покрај условите од ставот 1 на овој член, уплатно-исплатното место треба да има и уред за вентилација.

**Член 22**

Уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница треба да има обезбедено одвоен и соодветно заштитен простор во кој се сместени метална каса за чување на пари, уплатни тикети за обложување, билтени и друга документација, најмалку еден компјутер на кој се регистрираат уплатите и исплатите на учесниците во играта на среќа и најмалку еден монитор на кој учесниците во игрите на среќа можат да ги следат настаните во врска со обложувањето.

**Член 23**

Доколку во уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница се даваат угостителски услуги со послужување на храна и пијалоци, просторот на кој се даваат угостителските услуги треба да претставува посебен простор од просторот во кој е сместена опремата за приредување на игрите на среќа.

Во однос на делот од просторијата од ставот 1 на овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

**Член 24**

Доколку уплатно-исплатното место во кое се приредуваат игри на среќа во обложувалница е поголемо од 20 метри квадратни, уплатно-исплатното место треба да има обезбедено и санитарни простории.

Во однос на санитарните простории од ставот 1 овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

## VI. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА АВТОМАТ КЛУБОТ

**Член 25**

Игри на среќа во автомат клуб можат да се приредуваат во посебно уредена деловна просторија во посебно изграден објект или во посебно уредена деловна просторија во состав на хотел со најмалку три ѕвездички според прописите со кои се пропишани условите за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност.

Посебно уредената деловна просторија во посебно изградениот објект треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда која е со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

### Член 26

Површината на посебно уредената деловна просторија во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб не треба да биде помала од 90 м2.

Висината на просторијата од ставот 1 на овој член, во кој е сместена опремата за приредување на игрите на среќа треба да изнесува најмалку 2,8 метри квадратни.

### Член 27

Деловните простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб треба да имаат единствен назив.

### Член 28

Во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб треба да има обезбедено:

- просторија за приредување на игри на среќа;
- благајна и
- простор за гардероба.

### Член 29

Просторијата во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб треба да има обезбедено уред за загревање на просторијата до најмалку 18,5 целзиусови степени, уред за разладување на просторијата и уред за вентилација.

### Член 30

Во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб може да се даваат угостителски услуги со послужување храна (исклучително ладни јадења) и пијалоци кои се послужуваат покрај пулт или шанк.

Делот од просторијата во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб во кој се даваат угостителски услуги во кој се послужуваат храна и пијалоци треба да претставува посебен простор од просторот во кој е сместена опремата за приредување на игрите на среќа.

Во однос на делот од просторијата од ставот 2 на овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

### Член 31

Во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб треба да има обезбедено санитарни простории.

Во однос на санитарните простории од ставот (1) овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

Член 32

Опремата во просторијата во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб треба да биде поставена на начин што овозможува непречено движење на вработените и непречено учество и следење на играта на среќа од страна на учесниците во играта на среќа.

Просторот пред автоматите за игрите на среќа наменет за учесникот во игрите на среќа не може да биде помал од 1,5 метри, а просторот помеѓу два реда на автомати за игри на среќа не може да биде помал од еден метар.

Во автомат клуб или во казино, за секој автомат поединечно, приредувачот задолжително треба да обезбеди простор од најмалку три метри квадратни.

Член 33

Во автомат клубот треба да има обезбедено одвоен и заштитен простор (со метални решетки, метални прегради или непробивно стакло) со најмалку две метални каси за чување на жетони, пари и други вредности.

## VII. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЗАБАВНИОТ КЛУБ

Член 34

Посебно уредената просторија во која се приредуваат забавните игри треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда, со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

Член 35

Површината на просторијата во која се приредуваат забавните игри треба да изнесува најмалку 20 метри квадратни.

Висината на просторијата во која се приредуваат забавните игри треба да изнесува најмалку 2,8 метри квадратни.

Член 36

На влезот на просторијата во која се приредуваат забавни игри, во горниот лев агол на проѕирна самолеплива хартија треба да има истакнат називот на приредувачот на забавните игри, ознака „Забавен клуб“ и адресата каде се наоѓа објектот.

Ознаките од ставот (1) на овој член ноќе треба да бидат осветлени.

### Член 37

Просторијата во која се приредуваат забавни игри треба да има обезбедено уред за загревање на просторијата до најмалку 18,5 целзиусови степени, уред за разладување на просторијата и уред за вентилација.

### Член 38

Доколку во просторијата во која се приредуваат забавни игри се даваат угостителски услуги на послужување храна и пијалоци, просторот на кој се даваат угостителските услуги треба да претставува посебен простор од просторот во кој е сместена опремата за приредување на забавните игри.

Во однос на делот од просторијата од ставот (1) на овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

### Член 39

Во просторијата во која се приредуваат забавни игри треба да има обезбедено санитарни простории.

Во однос на санитарните простории од ставот (1) од овој член се применуваат прописите кои се однесуваат на минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност.

### Член 40

Доколку во забавниот клуб се приредуваат забавни игри на билијарди, треба да се обезбеди простор од најмалку 15 метри квадратни по маса за билијард.

Просторот пред апаратите за забавни игри наменет за учесниците во забавните игри, освен за масите за билијард, не треба да биде помал од 0,7 метри, а просторот помеѓу два реда на апарати за забава не треба да биде помал од еден метар.

### Член 41

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавни игри и стручната оспособеност на лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 19/97, 4/98, 42/01, 63/07, 130/07, 153/09 и 2/11).

### Член 42

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4064/4
22 февруари 2013 година
Скопје

Министер за финансии
**м-р Зоран Ставрески**